Квантитативно истражување

# Перцепција, активности, вклучување и поддршка на Црвениот Крст на РС Македонија

Црвен крст на Република Северна Македонија

ноември 2022

# Содржина


1 Методологија на истражувањето 3

2 Демографија 6

3 Спонтана весност за хуманитарни организации во РС Македонија 9

4 Информираност за Црвениот Крст на РС Македонија 12

5 Активности на Црвениот Крст на РС  Македонија 14

6 Волонтерство во Црвениот крст на РС Македонија 21

7 Поддршка на Црвениот крст на РС Македонија 24

8 Примање помош/услуги од Црвениот крст на РС Македонија 28

9 Придонес во задоволување на потребите на најранливите категории и предлози за подобрување на Црвениот крст на РС Македонија 30

10 Миграции и поддршка на лица кои транзитираат и мигрираат 34

11 Кратко резиме и препораки 36

# 1
# Методологија на истражувањето

# Методологија на истражувањето

## Методологија

**УНИВЕРЗУМ:**

Национално репрезентативен примерок на 18+ години

**МЕТОДОЛОГИЈА:**

Телефонско истражување, CATI (Computer assisted telephone interview)

**ГОЛЕМИНА НА ПРИМЕРОК:**

N=1000
Маргина на грешка: +/- 3.1%

**FIELDWORK:**

25ти октомври – 6 ти ноември 2022

**ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ:**

Користење на SPSS софтвер за обработка на податоците

**ПОНДЕРИРАЊЕ (WEIGHTING):**

Базата е пондерирана „по популација“ (1.464.155 граѓани на 18+)

# Методологија на истражувањето

## Методологија



**ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ:**

- 13 анкетари обучени за CATI (Македонци и Албанци)
- 2 Супервизори
- 2 IT/DP менаџери
- Проект менаџер




**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК:**

- Во соработка со Црвен Крст на Република Северна Македонија



**ИНСТРУКТАЖА ЗА АНКЕТАРИ:**

- Непосредно пред теренската работа извршена е дополнителна инструктажа за анкетарите и супервизорите за овој проект

# 2
# Демографија

# Демографија







База: Сите испитаници

# Демографија







База: Сите испитаници

# 3
# Спонтана свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

# Спонтана свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

*Т1_1. Кои хуманитарни организации ги знаете во РС Македонија? (Првоспомената)*

## Спонтана свесност за Црвениот Крст- Првоспомената




ПРВОСПОМЕНАТА (TOP OF MIND)

- „Црвен Крст на Македонија“ е во највисок процент прво спомената хуманитарна организација во РС Македонија

База: Сите испитаници

# Спонтана свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

*Т1... Кои хуманитарни организации ги знаете во Македонија? А друга? А друга...*

## Вкупна **спонтана** свесност за хуманитарни организации – сите споменати




Можност за повеќе одговори

51.2% ВКУПНА СПОНТАНА СВЕСНОСТ ЗА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

- Црвениот Крст на РС Македонија е севкупно спонтано спомената од 51.2% од сите испитаници
- Во просек испитаниците спомепале 1.1 хуманитарна организација

База: Сите испитаници

KANTAR BRIMA

Црвен крст на Република Северна Македонија

# 4
# Информираност за Црвениот Крст на РС Македонија

# Информираност за работата на Црвениот Крст на РС Македонија

*Т2а. Од каде сте слушнале за работата на Црвен Крст на Македонија?*




- 60% од граѓаните на Македонија слушнале за работата на Црвен Крст на РС Македонија преку телевизија, 38% од пријатели.
- Преку социјалните медиуми 31% слушнале за работата на Црвениот Крст на РС Македонија, а една четвртина (27%) од теренската работа на Црвениот Крст

База: Сите испитаници

# 5
# Активности на Црвениот Крст на РС  Македонија

# Присутност на Црвениот Крст на РС Македонија

*Т3. Дали Црвениот Крст на Македонија е присутен со активности во твојата заедница односно општината во која живееш?*

## Мислење за присутноста на Црвениот Крст во општината во која живеат




- Околу половина (46%) од сите испитаници изјавуваат дека Црвениот Крст е активен во нивната заедница/ општината во која живеат, додека 40% дека не се доволно активни.
- Испитаниците од руралните делови во повисок процент изјавуваат дека Црвениот Крст не е доволно активен во нивните средини како и испитаниците од другите националности
- Испитаниците со повисоко образование во повисок процент се информирани за активностите на Црвениот Крст во однос на оние со пониско образование

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Да, често се активни | 17 | 19 | 17 | 12 | 21 | 23 | 21 | 10 | 16 | 26 | 28 | 15 | 22 | 12 | 12 | 21 | 17 | 20 | 14 | 18 |
| Да, но може да се зголеми видливоста | 31 | 30 | 23 | 19 | 30 | 38 | 28 | 29 | 20 | 25 | 20 | 38 | 30 | 26 | 24 | 20 | 31 | 33 | 18 | 28 |
| Не, не се доволно активни | 32 | 39 | 46 | 54 | 34 | 30 | 38 | 40 | 61 | 49 | 35 | 35 | 41 | 27 | 52 | 49 | 38 | 33 | 51 | 40 |
| Не знам | 19 | 12 | 13 | 16 | 16 | 8 | 13 | 21 | 3 | | 17 | 12 | 8 | 34 | 13 | 10 | 14 | 13 | 16 | 14 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

# Впечаток за Црвениот Крст на РС Македонија во медиумите

*Т4. Кој е вашиот впечаток за тоа како активностите на Црвениот Крст на Македонија се прикажуваат во медиумите?*




- 82% имаат впечаток дека активностите на Црвениот Крст на РС Македониај се прикажуваат во позитивно светло, додека околу 9% имаат негативен впечаток

- 9% не се сеќаваат или не виделе

# Препознатливост на Црвениот Крст на Македонија

*Т5. Преку кои активности го препознавате Црвен Крст на Македонија?*




- Црвениот Крст на РС Македонија е најмногу препознатлив преку активности како што се: крводарителството, хуманитарната помош, волонтерски активности, помош и поддршка при кризни состојби и катастрофи, прва помош, нега и помош на стари лица и ранливи категории, работа со млади, лична асистенција на лица со попреченост итн.
- Во понизок процент Црвениот Крст е препознаен преку активноста за давање психолошка помош и едукација на населението за здраво живеење. Дополнително е препознатлив и преку акции за собирање облека

# Опфатени целни групи во активностите на Црвениот Крст на РС Македонија

*Т6. Според ваше мислење кои целни групи најмногу се опфатени при реализацијата на активностите на Црвениот Крст на Македонија?*




- Според мислењето на испитаниците, како најчесто споменувани целни групи кои се опфатени при реализација на програмските активности на Црвениот Крст се наведуваат “Настрадани лица од природни катастрофи (65%), бездомници (56%), деца без родители и родителска грижа (50%), лица во социјален ризик (46%), постари лица (44%) итн.

# Мислење за Црвениот Крст на РС Македонија

*Т7. Какво е вашето мислење за Црвениот Крст на Македонија?*

## Мислење за Црвениот Крст на РСМ




- Скоро две третини (64%) од испитаниците имаат позитивно мислење за Црвениот Крст на РС Македонија, 28% имаат неутрално мислење, а 6% имаат негативно мислење.
- Во повисок процент позитивно мислење за Црвениот Крст на РС Македонија имаат граѓаните од источниот, скопскиот, југозападниот и источниот регион (во опсег 68%-78%), а во најнизок процент во југоисточниот регион (44%)

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Позитивно | 67 | 64 | 63 | 64 | 65 | 64 | 62 | 78 | 38 | 68 | 78 | 69 | 44 | 64 | 52 | 59 | 70 | 62 | 67 | 64 |
| Неутрално | 29 | 29 | 27 | 25 | 29 | 30 | 28 | 17 | 59 | 24 | 17 | 25 | 42 | 26 | 40 | 31 | 24 | 32 | 22 | 28 |
| Негативно | 2 | 7 | 8 | 7 | 5 | 6 | 7 | 3 | 3 | 8 | 4 | 3 | 10 | 5 | 6 | 8 | 5 | 5 | 6 | 6 |
| Не знае | 2 | | 3 | 4 | 1 | 1 | 2 | 2 | | | | 3 | 4 | 5 | 2 | 2 | 1 | | 5 | 2 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

# Мислење за Црвениот Крст на РС Македонија

*Т8. Ве молам кажете ми во која мера се согласувате или не се согласувате со секоја од следните изјави за Црвениот Крст на Македонија?*

## Мислење за организацијата (%)
## Црвениот Крст на Македонија е организација: ....




- Во највисок процент граѓаните се согласуваат со мислењето дека Црвениот Крст на РСМ е организација која е посветена на давање помош на оние на кои најмногу им е потребна (80% во кумулатив), во која шо може да членува секој, која реагира навремено кога е потребно, која е неутрална/ непристрасна, невладина и транспарентна и организација на која секој може да се потпре
- Во повисок процент испитаниците не се согласуваат дека Црвениот Крст е религиозна (80%), бирократска или политичка организација, организација која им помага на оние со врски

# 6
# Волонтерство во Црвениот Крст на РС Македонија

# Волонтерство во Црвениот Крст на РС Македонија

*Т9. Дали досега некогаш сте биле вклучени во активностите на Црвениот Крст на РСМ како волонтер?*
*Т9_1. Која е причината за тоа што се немате вклучено во активностите на Црвениот Крст на Македонија?*

Досегашна вклученост како волонтер во Црвениот Крст на РС Македонија




Причини за досегашно не вклучување во активностите на Црвениот Крст на РСМ




- Околу 15% од испитаниците изјавуваат дека досега биле вклучени во активностите на Црвениот Крст на РСМ
- Како главна причина дека испитаниците досега не се вклучиле во активностите на Црвентио Крст на РС Македонија се наведуваат: „немам време/ имам многу обврски“ (34%); „здравствени проблеми“ (4%), „незаинтересираност“ (6%)
- Интересно е да се спомене дека 5% изјавуваат дека не биле информирани за можностите за вклучување во активностите
- 30% одговараат со „не знам“ или се без одговор

Забелешка: Процентите се изразени од сите испитаници како 100%

# Потенцијал за вклученост во активности на Црвениот Крст на РС Македонија

*Т10. Дали би сакале да се вклучите во некои активности на Црвениот Крст на РСМ како член, како волонтер или поддржувач или воопшто не сакате да се вклучите?*
*Т10_1. Каде би сакале да се вклучите (во која активност)?*

**Потенцијал за вклученост во некои активности на Црвениот Крст на РСМ**




**Активности во кои би сакале да бидат вклучени**




- Околу 20% од сите иситаници би се вклучиле во активностите на Црвениот Крст на РС Македонија
- 9% би се вклучиле „каде што има потреба“; 2% како „помош на ранливи категории“; 2% како крводалители; 2% со донации алишта и храна; 1% како помош на стари и изнемоштени лица итн.

Вредности под 0.5% се заокружени како 0%

# 7
# Поддршка на Црвениот Крст на РС Македонија

# Поддршка и потенцијал за поддршка на организацијата Црвен Крст на РС Македонија

*Т11. Дали досега ја имате поддржано организацијата Црвен Крст на РС Македонија:*
*Т11_1.  Доколку сте во можност, дали би ја поддржале организацијата Црвен Крст на РС Македонија: (во парични средства, волонтирање, друго?)*

**Досегашна поддршка на организацијата Црвен Крст на РСМ**




**Потенцијал за идна поддршка на организацијата Црвен Крст на РСМ**




- 43% од сите испитаници ја имаат поддржано организација Црвен Крст на РС Македонија
- Скоро две третини (64%) изјавуваат дека би ја поддржале организацијата Црвен Крст на РС Македонија

# Начини на поддршка на организацијата Црвен Крст на РСМ

*T11_1. Доколку сте во можност, дали би ја поддржале организацијата Црвен Крст на Македонија: (во парични средства, волонтирање, друго?)*
*T11_2. Како би ја поддржале организацијата Црвен Крст на РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА? (во парични средства, волонтирање, друго?)*

**Потенцијал за идна поддршка на организацијата Црвен Крст на РСМ**




**Начини како би ја поддржале организацијата на поддршка на Црвенот Крст на РСМ**




- Дистрибуцијата на одговорите на овие 64% кои изјавуваат дека би ја поддржале организацијата на Црвениот Крст е следнава:
  - 27% од сите испитаници би ја поддржале организацијата на Црвениот Крст на РС Македонија со донации на алишта, храна и/или средства за хигиена
  - 26% би ја подржале со парични средства а 24% преку волонтирање; 4% каде има потреба во граници на можностите, а 2% со крводарителство

Вредности под 0.5% се заокружени како 0%

# Зачленување во организацијата Црвен Крст на РС Македонија

*Т12. Дали би сакале да се зачлените во Црвен Крст?*

## Зачленување во организацијата на Црвен Крст на РС Македонија




- 13% од сите се изјаснуваат дека би се зачлениле во Црвнеиот Крст.
- Во повисок процент во Црвениот Крст би се зачлениле испитаници со повисоко образование, испитаници кои се етнички Македонци
- Зачленувањето е во слична пропорција во сите региони освен во Пелагонискиот и Скопскиот регион каде овој процент е понизок

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Да | 15 | 13 | 12 | 9 | 14 | 19 | 15 | 8 | 9 | 31 | 18 | 19 | 13 | 1 | 16 | 22 | 7 | 15 | 11 | 13 |
| Не | 59 | 78 | 84 | 84 | 74 | 65 | 77 | 68 | 91 | 64 | 81 | 68 | 82 | 83 | 70 | 74 | 78 | 75 | 77 | 76 |
| Не знам/ не сум размислувал | 26 | 8 | 4 | 7 | 12 | 16 | 8 | 23 | | 5 | 1 | 13 | 5 | 16 | 14 | 4 | 16 | 10 | 13 | 11 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

# 8
# Примање помош/услуги од Црвениот Крст на РС Македонија

# Примање помош од Црвениот Крст на РСМ

*T13. Дали сте или некогаш сте биле корисник на услуга/и на Црвен Крст?*
*T13_1. Каква услуга/и користите или сте користеле од Црвен Крст?*
*T13_2. Колку сте задоволни или незадоволни од квалитетот на услуги и помош што ги дава Црвениот Крст на Македонија?*

## Примање помош од Црвениот Крст на РСМ




## Услуги кои се користат или се користеле од Црвениот Крст




## Задоволство од квалитетот на услуги и помош што ги дава Црвениот Крст на РСМ




База: 45 испитаници кои примаат/иле помош од Црвениот Крст на РС Македонија“

- 5% изјавуваат дека примаат/иле помош од Црвениот Крст на РС Македонија
- Како помош најчесто се споменува хуманитарната помош
- Три четвртини (74%) од испитаниците кои примаат/иле помош се задоволни од квалитетот на услугите и помошта а само 4% дека воопшто не се задоволни

# 9

# Придонес во задоволување на потребите на најранливите категории и предлози за подобрување на Црвениот Крст на РС Македонија

# Придонес за задоволување на потребите на најранливите категории преку активностите на Црвениот Крст на РСМ

*Т14. Дали сметате дека преку работата на Црвениот Крст на Македонија се дава или не се дава придонес во задоволување на потребите на најранливите категории на население?*
*Т14_1. Ве молам образложете зошто сметате дека преку работата на Црвениот Крст на Македонија НЕ се дава придонес во задоволување на потребите на најранливите категории на население:*

**Придонес во задоволување на потребите на најранливите категории преку работата на ЦК**




**Причини зошто преку работата на Црвениот Крст НЕ се дава придонес во задоволување на потребите на најранливите категории**




- Три четвртини (77%) (како кумулатив на „Целосно дава придонес“ + „Делумно дава придонес“) се изјаснуваат дека Црвентион Крст придонесува во задоволувањето на потребите на најранливите категории
- 13% не го делат ова мислење и како причини се наведуваат дека „Не помагаат каде што треба“, „Немаат доволно средства“; „Не се присутни во мојата општина “; дека се корумпирани, нетранспарентни

# Друга поддршка што може да ја обезбеди Црвениот Крст и предлози за подобрување на работењето

*Т15. Каква друга поддршка сметате дека може да обезбедува Црвениот Крст на Македонија во иднина?*

**Начини на поддршка кои би можел Црвениот Крст да ги обезбедува во иднина**




- Како друга поддршка што испитаниците сметаат дека Црвениот Крст би можела да ја обезбеди се наведуваат:
  - Повеќе помош на ранливи категории
  - Поголема присутност низ сите општини
  - Психолошка поддршка
  - Поголема едукација и вклученост на младите
  - Отворање повеќе народни кујни
  - Отворање на повеќе пунктови
  - Активностги во здравствена заштита
  - Афирмација во училишта
  - Зачувување на животна средина

# Друга поддршка што може да ја обезбеди Црвениот Крст и предлози за подобрување на работењето

*Т16. Како сметате дека треба да се подобри Црвениот Крст?*

Начини како да се подобри Црвениот Крст




- Подобрувањето на Црвениот Крст испитаниците сметаат дека ќе биде со:
  - Зголемена активност низ сите општини и во селата
  - Помош на оние на кои навистина им треба
  - Поголема промоција/ информации во медумите за активносите
  - Да нема дискриминација во помошта што ја даваат
  - Поголема едукација и вклученост на младите
  - Активности за повеќе донации и донатори
  - Да се отворат повеќе пунктови
  - Итн.

# 10
# Миграции и поддршка на лица кои транзитираат и мигрираат

# Миграции и поддршка на лица кои транзитираат и мигрираат од страна на Црвениот Крст на РСМ

*Т17. Миграциите се присутна појава насекаде во светот, лицата се движат од земја во друга, но и локално од едно место на живеење во друго. Дали сте информирани дека Црвениот Крст обезбедува хуманитарна поддршка на ваквите лица?*
*Т17_1. На кои лица сметате дека им помага организацијата Црвен Крст на Македонија?*

## Свесност за хуманитарна помош на лица кои мигрираат од страна на Црвениот Крст




## Свесност за лица на кои им се пружа хуманитарна помош од страна на Црвениот Крст на РС Македонија




- Повеќе од половина (55%) знаат дека Црвениот Крст дава помош на лица кои мигрираат.
- 48% знаат дека Црвениот Крст на РС Македонија им помага на лица од Украина со хуманитарна заштита во нашата земја, 46% дека им помага на лица од Авганистан евакуирани во земјава; 26% дека се помага на лица кои транзитираат низ нашава земја; 25% дека Црвениот Крст помага на лица баратели на азил како и 15% од сите испитаници дека Црвениот Крст дава помош на лица со статус во државата

# 11
# Кратко резиме и препораки

# Кратко резиме и препораки (1):

- Ова истражување за Црвен Крст на РС Македонија е спроведено со телефонско анкетирање во периодот од 25 октомври – 6 ноември 2022 со граѓаните на РС Македонија (национално репрезентативен примерок на популација 18+ години со N=1000 испитаници, маргина на грешка +/-3.1%).
- Истражувањето дава слика за перцепцијата на граѓаните (испитаниците) за Црвениот Крст на РС Македонија и нејзините активности

- <u>СПОНТАНА СВЕСНОСТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РС МАКЕДОНИЈА</u>
- Спонтано, како прво спомената хуманитарна организација во РС Македонија е Црвениот Крст и тоа во највисок процент (41.5%). Следна е Ел Хилал со 9.8%, потоа Борка (2.6%) итн. Севкупно како првоспомената хуманитарна организација (Top Of Mind) се спомената 23 хуманитарни организации.
- 36.5% спонтано не можат да се сетат на ниту една хуманитарна организација во РС Македонија
- Во продолжение испитаниците се запрашани спонтано да наведат други хуманитарни организации на кои може да се сетат па така во севкупно спонатананата свесност Црвениот Крст е споменат од половина од испитаниците (51.2%) следено од Ел Хилал (16.2%), Капири и Мерсис (7.0%), Борка (3.6%), Мерхамет (3.5%) итн. Севкупно се спомената 27 хуманитарни организации

- <u>ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ И ПРИСУТНОСТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РС МАКЕДОНИЈА</u>
- 60% од граѓаните на Македонија слушнале за работата на Црвен Крст на РС Македонија преку телевизија, 38% од пријатели, а преку социјалните медиуми 31%
- Една четвртина (27%) за Црвениот Крст слушнале од самата теренска работа на Црвениот Крст
- Околу половина (46%) од сите испитаници изјавуваат дека Црвениот Крст е активен во нивната заедница/ општината во која живеат, додека 40% дека не се доволно активни. Испитаниците од руралните делови во повисок процент изјавуваат дека Црвениот Крст не е доволно активен во нивните средини како и испитаниците од другите националности
- Во однос на присутноста на Црвениот Крст во медиумите 82% имаат впечаток дека активностите на Црвениот Крст на РС Македониај се прикажуваат во позитивно светло, додека околу 9% имаат негативен впечаток (кумулатив од донекаде негативно + негативно)

# Кратко резиме и препораки (2):

- ПРЕПОЗНАТЛИВОСТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РС МАКЕДОНИЈА: Црвениот Крст на РС Македонија е најмногу препознатлив преку активности како што се: крводарителството (96%), хуманитарната помош (92%), волонтерски активности (83%), помош и поддршка при кризни состојби и катастрофи, прва помош, нега и помош на стгари лица и ранливи категории, работа со млади, лична асистенција на лица со попреченост итн.
- Во понизок процент Црвениот Крст е препознаен преку активноста за давање психолошка помош и едукација на населението за здраво живеење. Дополнително е препознатлив и преку акции за собирање облека

- ОПФАТЕНИ ЦЕЛНИ ГРУПИ: Според мислењето на испитаниците, како најчесто споменувани целни групи кои се опфатени при реализација на програмските активности на Црвениот Крст се наведуваат "Настрадани лица од природни катастрофи (65%), бездомници (56%), деца без родители и родителска грижа (50%), лица во социјален ризик (46%), постари лица (44%) итн

- МИСЛЕЊЕ НА ИСПИТАНИЦИТЕ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ: Скоро две третини (64%) од испитаниците имаат позитивно мислење за Црвениот Крст на РС Македонија, 28% имаат неутрално мислење, а 6% имаат негативно мислење.
- Во највисок процент граѓаните се согласуваат со мислењето дека Црвениот Крст на РСМ е организација која е посветена на давање помош на оние на кои најмногу им е потребна, во која шо може да членува секој, која реагира навремено кога е потребно, која е неутрална/ непристрасна, невладина и транспарентна на која секој може да се потпре
- Во повисок процент не се согласуваат дека Црвениот Крст е религиозна, бирократска или политичка организација, организација која им помага на оние со врски

- ВОЛОНТЕРСТВО ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РС МАКЕДОНИЈА
- Околу 15% од испитаниците изјавуваат дека досега биле вклучени во активностите на Црвениот Крст на РСМ
- Како главна причина дека испитаниците досега не се вклучиле во активностите на Црвениот Крст на РС Македонија се наведуваат: „немам време/ имам многу обврски" (34%); „здравствени проблеми" (4%), „незаинтересираност" (6%)
- Интересно е да се спомене дека 5% изјавуваат дека не биле информирани за можностите за вклучување во активностите
- Околу 20% од сите иситаници би се вклучиле во активностите на Црвениот Крст на РС Македонија (забелешка: ова е само декларативна изјава но наодот наговестува дека во овие 20% се крие потенцијал за волонтерство), 9% би се вклучиле „каде што има потреба"; 2% како „помош на ранливи категории"; 2% како крводалители; 2% со донации алишта и храна; 1% како помош на стари и изнемоштени лица итн.

# Кратко резиме и препораки (3):

- ПОДДРШКА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ: 43% од сите испитаници ја имаат поддржано организација Црвен Крст на РС Македонија
- Скоро две третини (64%) изјавуваат дека би ја поддржале организацијата Црвен Крст на РС Македонија (во парични средства, волонтирање и друго).
- Поддршка на Црвениот Крст во нешто повисок процент (27%) би бил со донации на алишта, храна и/или средства за хигиена; 26% би ја подржале со парични средства а 24% преку волонтирање; 4% каде има потреба во граници на можностите, а 2% со крводарителство
- 13% од сите се изјаснуваат дека би се зачлениле во Црвнеиот Крст. Во повисок процент во Црвениот Крст би се зачлениле испитаници со повисоко образование, испитаници кои се етнички Македонци.

- ПРИМАЊЕ ПОМОШ/УСЛУГИ ОД ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РС МАКЕДОНИЈА: 5% изјавуваат дека примаат/иле помош од Црвениот Крст на РС Македонија. Како помош најчесто се споменува хуманитарната помош.
- Три четвртини (74%) од испитаниците кои примаат/иле помош се задоволни од квалитетот на услугите и помошта а само 4% дека воопшто не се задоволни

- ПРИДОНЕС НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ: Три четвртини (77%) се изјаснуваат дека Црвениот Крст придонесува во задоволувањето на потребите на најранливите категории
- 13% не го делат ова мислење и како причини се наведуваат дека „Не помагаат каде што треба“, „Немаат доволно средства“; „Не се присутни во мојата општина “; дека се корумпирани, нетранспарентни. Овој наод како препорака треба да се искористи од страна на Црвениот Крст за правилно информирање на јавноста за приоритетите како и за реализираните активности (распределба на средства/ транпарентност)

- ПРЕДЛОЗИ И НАЧИНИ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ : Како предлог кон Црвениот Крст што испитаниците сметаат дека Црвениот Крст би можел да ја обезбедува се наведуваат: Повеќе помош на ранливи категории; Поголема присутност низ сите општини; Психолошка поддршка; Поголема едукација и вклученост на младите; Отворање повеќе народни кујни; Отворање на повеќе пунктови; Активностги во здравствена заштита; Афирмација во училишта; Зачувување на животна средина

# Кратко резиме и препораки (4):

- ПРЕДЛОЗИ И НАЧИНИ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ (продолжение): Подобрувањето на Црвениот Крст испитаниците сметаат дека ќе биде со: Зголемена активност низ сите општини и во селата; Помош на оние на кои навистина им треба; Поголема промоција/ информации во медумите за активносите; Да нема дискриминација во помошта што ја даваат; Поголема едукација и вклученост на младите; Активности за повеќе донации и донатори; Да се отворат повеќе пунктови итн.

- МИГРАЦИИ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА КОИ ТРАНЗИТИРААТ И МИГРИРААТ: Повеќе од половина (55%) знаат дека Црвениот Крст дава помош на лица кои мигрираат.
- 48% знаат дека Црвениот Крст на РС Македонија им помага на лица од Украина со хуманитарна заштита во нашата земја, 46% дека им помага на лица од Авганистан евакуирани во земјава; 26% дека се помага на лица кои транзитираат низ нашава земја; 25% дека Црвениот Крст помага на лица баратели на азил како и 15% од сите испитаници дека Црвениот Крст дава помош на лица со статус во државата

- ЗАБЕЛЕШКА: Наодите од ова истражување се добра основа за преземање одредени чекори, активности во правењето планови и реализација на истите. Потребно е преземање активности за подигнување на свеста и мотивираноста на граѓаните за членство и поддршка на Црвениот Крст како хуманитарна организација со широк спектар на активности било преку парични донации, волонтерство, едукација, донации во храна, облека и друго. Исто така потребна е поголема присутност во медиумите, посебно во социјалните медиуми, со што ќе придонесе во зголемување на свеста и мотивираноста за волонтерство, ангажираност во разни активности на Црвениот Крст за помош и поддршка посебно на целни групи на кои најмногу им е потребна помош, а ќе резултира во унапредување на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Република Северна Македонија

# БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВНИМАНИЕТО